**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА**

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ – БИТОЛА**

СТУДИСКА ПРОГРАМА
**ОБРАЗОВНИ НАУКИ**

**Наслов на докторскиот проект**

# ТЕЛАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ И КВАЛИТЕТОТ НА ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Кандидат
м-р Ахмед Ќазими
број на индекс: 82

Ментор
проф. д-р Милена Пејчиновска-Стојковиќ

Битола, јануари 2024

## С О Д Р Ж И Н А


**Апстракт**.................................................................................................... 3
**1. Вовед** .................................................................................................... 4
**2. Поширок истражувачки контекст**........................................................ 5
*2.1. Европски стандарди за обезбедување квалитет*.................................... 5
**3. Методологија на истражувањето** ........................................................ 8
**4. Анализа, дискусија** ............................................................................. 9
*4.1. Стандарди и упатства за обезбедување квалитет во високото образование*................................................................................................... 9
*4.2. Обезбедување, оценување, развој и унапредување на квалитетот на високото образование во Република Северна Македонија*............................ 11
*4.2.1. Интеруниверзитетска конференција*.................................................. 12
*4.2.2. Национален совет за високото образование и научноистражувачката дејност*........................................................................................................... 12
*4.2.3. Агенција за квалитет на високото образование*.................................. 13
*4.2.4. Болоњскиот процес*............................................................................ 14
*4.2.5. Улогата на телата за обезбедување квалитет*...................................... 17
**5. Заклучок** .................................................................................................. 20
**Користена литература** .............................................................................. 21

# ТЕЛАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ И КВАЛИТЕТОТ НА ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Ахмед Ќазими**
Министерство за образование и наука
ahmedqazimi@gmail.com

**Милена Пејчиновска-Стојковиќ**
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола
Педагошки факултет – Битола
milena.pejcinovska@uklo.edu.mk

**Апстракт**

Квалитетното високо образование е приоритет на секоја земја. Така, скоро две и пол децении од потпишувањето на Болоњската декларација и од пристапувањето на нашата земја кон Болоњскиот процес, сè уште се поставуваат мноштво прашања поврзани со квалитетот во високото образование, но и дали преземените реформи во високото образование доведоа тоа да стане составен дел од европскиот високообразовен простор. Во таа смисла, приоритет во нашата земја е да се обезбеди контрола на квалитетот во високото образование со цел да се усогласат стандардите со стандардите за воспоставување и следење на квалитетот на високото образование во европски рамки.

Ова истражување има за цел да ја опише улогата на телата за обезбедување квалитет во високото образование и да даде сознанија за состојбата со обезбедувањето квалитет на високообразовните инситуции во Република Северна Македонија. Методологијата на истражувањето се заснова на квалитативната парадигма и при проучувањето на проблемот, се применува емпириско истражување со дескриптивен карактер. Примерокот го сочинуваат документи од телата за обезбедување квалитет во високото образование и друга и релевантната документација што е во основата на високообразовниот систем, а анализата се потпира на квалитативната анализа на содржината, врз основа на што индуктивно се изнесуваат заклучоците.

Резултатите од анализата покажуваат дека за да се обезбеди квалитет во високото образование неопходни се посеопфатен пристап на сите чинители кои се вклучени во овој процес и дејствување усогласено со земјите од регионот и во Европа. Да се достигнат европските стандарди за обезбедување на квалитетот во високото образование значи поголема усогласеност на образованието со потребите на пазарот на трудот и подобрување на координацијата и соработката помеѓу образовните институции и важните агенции на сите нивоа.

**Клучни зборови:** квалитет, високо образование, тела за квалитет, надворешна евалуација, самоевалуација.

## 1. Вовед

Потребата од добар квалитет во институциите за високо образование, подразбира дека институциите за високо образование, во последните неколку децении, чувствуваат сличен притисок како и бизнис-секторот. Појавата е уште посериозна за високообразовните институции кои имаат финансиски, инфраструктурни и проблеми со човечки ресурси, како и проблеми со признавањето, но и за тие кои се соочуваат со посилна конкуренција од локалните, регионалните и меѓународните образовни институции (Шохиб, 2018).

Обезбедувањето квалитет подразбира систематично, структурирано и постојано внимание кон квалитетот, во однос на одржување и подобрување на квалитетот на високообразовниот процес (OECD, 2005). Често поставувани прашања во насока на подобрување на квалитетот на образованието се тие кои се однесуваат на тоа дали со донесениот Закон за високото образование и со формирањето на телата за квалитет според Законот за високо образование, академската средина ги зајакна своите компетенции, потоа дали и како државните органи надлежни за високото образование ги спроведуваат донесените закони за вршење на високообразовна дејност, како и прашањата за тоа колку студентите и другите субјекти во процесот на високо образование се задоволни и како тоа се одразува понатаму врз континуираното подобрување на квалитетот во високото образование.

Остварувањето на квалитетно високо образование е една од главните приоритети на секоја земја. На студентите им е неопходно високо образование што ќе го гарантира и ќе го задоволи нивниот професионален развој, но ќе ги задоволи и потребите од работна сила, потребите на економијата, на пазарот на трудот, а тоа значи дека им е потребно образование што ја менува суштински организацијата на учење и пристапот кон учењето воопшто на сите нивоа. Во таа смисла, квалитетот на високото образование е од суштинска важност бидејќи оттука почнува и се воспоставува квалитет на севкупниот образовен циклус.

Многу значаен сегмент за обезбедување квалитет во процесот на високото образование е контролата, т. е. процесот на евалуација. Овој процес, можеби, е една од најслабите страни во нашата земја кога се зборува за постојано подобрување на квалитетот, особено кога тоа се доведува во врска со европските стандарди за евалуација, поконкретно со примената на европските стандарди и упатства за евалуација својствени за европскиот простор на високо образование.

Исто така, малку се зборува за тоа, на пример, што е квалитетна настава, потоа што се случува со мерењето на квалитетот на наставата и на истражувањата, но и дали тоа што се поставува како цел на почетокот на реализацијата на програмите е ефективно реализирано. Со тоа, оценката на квалитетот значи и негово постојано подобрување, односно некој однадвор, кој ги поседува потребната компетенција и знаење постојано врши ревизија на квалитетот и укажува на недоследностите. Евалуацијата е еден вид „оцена на слабите и јаките страни на процесот“. Институцијата е постојано надгледувана како работи и како ги реализира поставените цели. Институција со солиден квалитет е таа која дозволува и обезбедува вообичаените ситуации да се евалуираат и одвнатре и однадвор и зависно од степенот на исполнетост и висината на поставените стандарди, се создаваат можности системот за учење да се надградува во квалитет (*The European Higher Education Area − Achieving the Goals*, 2005).

Некритичноста, затвореноста и избегнувањето да се применат стандардите кои се сметаат за највисоки во евалуацијата на работата на една високообразовна институција значи неподготвеност за соочување со состојбата во која таа се наоѓа.

Во краен случај, обезбедувањето квалитет поаѓа од неговото планирање и осмислување кое се препознава во студиските програми, потоа продолжува со контрола и набљудување преку соодветни тела и органи, однадвор и одвнатре, и во својата суштина, се сведува на создавање реални услови за да се обезбеди квалитетот на најдобар можен начин, што подразбира одговорност на сите кои се вклучени во тој процес (*Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005 − 2015*, 2005).

## 2. Поширок истражувачки контекст

### *2.1. Европски стандарди за обезбедување квалитет*

Стандардите и упатствата за обезбедување квалитет во европскиот простор за високо образование се усвоени од министрите одговорни за високо образование во 2005 година, по предлог изготвен од Европското здружение за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA), во соработка со: Здружението на европски студенти (ESU), Европската асоцијација на високообразовни институции (EURASHE) и Европската асоцијација на универзитети (EUA)

Со оглед на контекстот кој постојано се менува, во 2012 година, министерското комунике ја покани групата Е4 (ENQA, ESU, EUA, EURASHE), во соработка со Education International (EI), BUSINESSEUROPE и Европскиот регистар за обезбедување квалитет во високото образование (EQAR), да подготви првичен предлог за ревизија на стандардите со цел подобрување на нивната „јасност, применливост и корисност, како и на нивниот опфат.“

Промените се направени по неколку консултации во кои беа вклучени главните засегнати организации и министерства. Бројните добиени коментари, предлози и препораки внимателно се анализирани и се земени предвид од управувачката група (SG). Тие се содржани во верзијата на стандардите од 2015 година.

Европските стандарди и упатства (ESG) 2015 (*Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area (ESG)*, 2015) се усвоени од министрите одговорни за високо образование во европскиот простор за високо образование, во мај 2015 година. Како резултат на процесот на заемна проверка, тие претставуваат консензус меѓу сите засегнати организации и министерства за начинот на кој може да се подобри процесот на обезбедување квалитет во европскиот простор за високо образование, со што се обезбедува цврста основа за нивна успешна примена.

Високото образование, истражувачката работа и иновацијата играат клучна улога во обезбедувањето поддршка за социјална кохезија, економски развој и глобална конкуренција. Со оглед на тенденцијата европските општества да бидат сè повеќе засновани на знаење, високото образование претставува главна компонента за социоекономскиот и културниот развој (*Agenda for sustainable development and quality education, Council of Europe’s vision of quality education for all,* 2023).

Поширокиот пристап до високото образование е можност за високообразовните институции да ги искористат сè поразновидните индивидуални искуства. Со цел да се одговори на разновидноста и зголемените очекувања за високото образование, потребно е да се направи темелна промена на начинот на кој се спроведува. Потребно е да се има пристап кон учењето и поучувањето кој ќе биде повеќе насочен кон студентите, да се прифаќаат пофлексибилни начини за стекнување знаење и да се

признаваат компетенции кои се стекнати вон формалните наставни програми. Самите високообразовни институции, исто така, имаат сè поразлични мисии, начини за реализација на наставата и соработката, со сè поголема интернационализација, дигитално учење и нови форми за поучување (*Алтернативни пристапи за иновативно подучување и учење,* 2023; *Комуникација на Европската комисија*, 2013). Обезбедувањето квалитет е клучно за поддршка на високообразовните системи и институции во процесот на приспособување кон ваквите промени, а во исто време гарантира дека квалификациите и искуството кои студентите ги стекнуваат во високото образование ќе бидат главниот приоритет на институциите.

Главната цел на стандардите е да придонесат кон заедничко разбирање на процесот на обезбедување квалитет во учењето и поучувањето во меѓународни рамки и од сите засегнати страни вклучени во процесот. Освен ако не е поинаку наведено, во трудот засегнатите страни ги опфаќаат сите чинители во рамките на една институција вклучувајќи ги и студентите и работниот кадар, како и надворешните чинители, како што се работодавачите и надворешните партнери на институцијата и сл. Тие играат и ќе продолжат да играат многу важна улога во развојот на националните и институционалните системи за обезбедување квалитет во европскиот простор за високо образование (EHEA) и прекуграничната соработка (*European Higher Education Area (Bologna Process)*, 2010). Вклучување во процесите за обезбедување квалитет, особено во надворешните процеси, им овозможува на европските системи за високо образование да го покажат својот квалитет и да ја зголемат транспарентноста, што придонесува кон градење заедничка доверба и пошироко признавање на нивните квалификации, програми и друго образование, (поимот „програма“ во трудот се однесува на обезбедување високо образование во неговата најширока смисла, вклучително и образование кое не е дел од програма, но со кое се стекнува формален академски назив). Стандардите се користат од институциите и агенциите задолжени за обезбедување квалитет, како документ на кој често се упатува кога станува збор за внатрешни и надворешни системи за обезбедување квалитет. Се користат и од Европскиот регистар за обезбедување квалитет (EQAR), кој е одговорен за регистарот на агенции за обезбедување квалитет кои, пак, постапуваат во согласност со стандардите.

Европските стандарди и упатства се група стандарди и упатства за внатрешно и надворешно обезбедување квалитет во високото образование. Тие не се стандарди за квалитет, ниту пак утврдуваат како треба да се спроведуваат процесите за обезбедување квалитет, туку обезбедуваат упатства кои опфаќаат област која е многу важна за успешното обезбедување квалитет и за средината во која се одвива наставата во високото образование. Стандардите треба да се гледаат и од поширок аспект кој вклучува и рамки на квалификации, ЕКТС и додаток на диплома, кои исто така придонесуваат за промовирање на транспарентноста и меѓусебната доверба во високото образование во EHEA (*Recommendation CM/Rec (2012)13 of the Committee of Ministers to member States on ensuring quality education*, 2012).

Овие стандарди акцентот го ставаат на обезбедување квалитет поврзан со учењето и поучувањето во високото образование вклучувајќи ги и средината за учење и важните врски со истражувачката работа и иновациите. Покрај тоа, високообразовните институции имаат политики и процеси за обезбедување и унапредување на квалитетот на другите активности, како што се истражувачката работа и управувањето.

Високото образование се стреми да постигне повеќе цели (*Revised Code of Good Practice in the Provision of Transnational Education*, 2007), како што се подготовка на студентите за граѓански активизам и нивната идна кариера (со што, на пример, се зголемува можноста за вработување), поддршка на личниот развој, создавање широка напредна база на знаење и поттикнување на истражувачката работа и иновациите. Обезбедувањето квалитет треба да обезбеди и средина за учење во која содржината на програмите, можностите за учење и просториите се соодветни за таа намена.

Во основата на сите активности за обезбедување квалитет се отчетноста и унапредувањето. Тие заедно создаваат доверба во учинокот на високообразовната институција. Успешно спроведениот систем за обезбедување квалитет ќе обезбеди информации кои на високообразовните институции и на јавноста им гарантираат квалитет на активностите кои се спроведуваат од високообразовните институции (отчетност), како и совети и препораки за начинот на кој може да се подобри начинот на реализација (унапредување). Оттука, обезбедувањето на квалитетот и унапредувањето на квалитетот се меѓусебно поврзани. Тие може да го поддржат развојот на култура на квалитет која се прифаќа од сите, почнувајќи од студентите и академскиот кадар, па сè до институционалното раководство и менаџмент.

Поимот „обезбедување квалитет" се користи за опишување на сите активности во рамките на циклусот на континуирано унапредување (т. е. активности за обезбедување квалитет и унапредување).

Европски упатства и стандарди – Стандардите ги имаат следниве цели:

- Поставуваат заедничка рамка за системите за обезбедување квалитет на учењето и поучувањето на европско, национално и институционално ниво.
- Овозможуваат обезбедување и унапредување на квалитетот на високото образование во европскиот простор за високо образование.
- Поттикнуваат меѓусебна доверба, со што се олеснува признавањето и мобилноста во земјата и во странство.
- Обезбедуваат информации за обезбедување квалитет во EHEA.

Овие цели обезбедуваат рамка во која стандардите може да се користат и да се применуваат на различни начини, од различни институции, агенции и земји. EHEA се карактеризира со разновидност на политички системи, високообразовни системи, социокултурни и образовни традиции, јазици, стремежи и очекувања. Затоа, еден единствен пристап кон квалитетот и обезбедувањето квалитет во високото образование е несоодветен. Широкото прифаќање на сите стандарди е предуслов за создавање заедничко разбирање на процесот за обезбедување квалитет во Европа. Од овие причини, стандардите треба да бидат доволно генерички со цел да бидат применливи за сите облици на високо образование.

Стандардите обезбедуваат критериуми на европско ниво според кои се оценуваат агенциите за обезбедување квалитет и нивните активности. Така се гарантира агенциите за обезбедување квалитет во EHEA (*The European Higher Education Area − Achieving the Goals*, 2005) да се придржуваат до истите начела и процесите и процедурите да бидат изготвени во согласност со целите и барањата во рамките на соодветниот контекст.

Стандардите се засноваат на следниве четири начела за обезбедување квалитет во EHEA:

- Високообразовните институции имаат примарна одговорност за квалитетот на образованието и неговото обезбедување.

- Обезбедувањето на квалитетот ја одразува разновидноста на високообразовните системи, институциите, програмите и студентите.
- Обезбедувањето на квалитетот го поддржува развојот на култура на квалитет.
- Обезбедувањето на квалитетот ги зема предвид потребите и очекувањата на студентите, на другите засегнати страни и на општеството.

### 3. Методологија на истражувањето

Основна цел на ова квалитативно истражување е да се дојде до сознанија за примената на Болоњската декларација и новиот Закон за високото образование, од една страна, а од друга стана да се дојде до сознанија за телата за обезбедување квалитет во високообразовните институции формирани како последица на промените (примената на Болоњската декларација и Законот за високо образование) во нашата земја.

Задачите што произлегуваат од вака поставената цел се следниве:

Да се опише и научно да се образложи истражуваната појава и да се дадат конкретни предлози и предвидувања, врз основа на досегашните сознанија во областа.

Да се утврди значењето на телата за обезбедување и следење на квалитетот и нивното влијанието врз создавање компатибилен квалитативен човечки капитал, како за домашните услови така и со рамките на квалификации од регионот и пошироко.

Да се дојде до сознанија за примената на Болоњскиот процес и квалитетот на високото образование.

Да се опише Советот за високо образование како тело за обезбедување на квалитетот во високото образование.

Да се опише Одборот за акредитација како орган на Агенцијата за квалитет на високото образование.

Да се опише улогата на самоевалуацијата на универзитетите, на единиците на универзитетите, односно на самостојната висока стручна школа во обезбедување на квалитетот на високото образование.

Да се опише улогата на надворешната евалуација и функционалноста на Одборот за евалуација во обезбедувањето на квалитетот во високото образоание.

Примерокот е намерен и е определен врз основа на личната проценка на истражувачот, а врз основа на целта и на намената на истражувањето, што е во согласност со ставовите на повеќе истражувачи (Патон – Patton, 1990; Морс – Morse, 1991; Санделовски – Sandelowski, 1995; Шахин, Прадан и Ранаџи – Shaheen, Pradhan & Ranajee, 2019).

Анализата на податоците се базира на квалитативна анализа на собраните текстови, правилници, документи и Законот за високо образование, што е во согласност со ставовите на Брајман и Бурџис (Bryman & Burgees, 1999) и на Брајман (Bryman, 2015).

Со оглед на определбата на предметот и целите на истражувањето, со квалитативната анализа на содржината на собраните документи се дава одговор на следниве клучни категории на истражувачки прашања кои се во согласност со ставовите на Ашфорт, како и на Џонс и Мекбет (Ashforth et al., 2007; Jones &. McBeth, 2010) во однос на различниот степен на нивната јасност:

1. Како телата за обезбедување квалитет и евалуација придонесуваат кон подобрување на квалитетот во високообразовните институции?
2. На кои начини високообразовните институции се стремат кон континуирано подобрување на внатрешниот квалитет?

3. Како примената на Болоњскиот процес придонесува за континуирано подобрување на квалитетот во високото образование?
4. Дали усогласувањето на нашиот систем со европскиот високообразовен систем, влијае кон подобрувањето на квалитетот?
5. Дали постојат предизвици или придобивки поврзани со усогласувањето на нашиот систем со ESG?
6. Кои конкретни одлуки и активности на Интеруниверзитетската конференција директно влијаат врз квалитетот на високото образование?
7. Како Интеруниверзитетската конференција соработува со високообразовните институции за подобрување на нивниот квалитет?
8. Дали одлуките на Интеруниверзитетската конференција придонесуваат за континуирано подобрување на квалитетот?
9. Како НС за високо образование и научноистражувачка дејност придонесува за подобрување на квалитетот во високото образование?
10. Во колкава мера НС за високо образование донесува одлуки кои директно влијаат врз подобрувањето на квалитетот?
11. Дали високообразовните институции се директно вклучени во процесот на донесување на подзаконските акти кои ги изготвува НС за високо образование за да се обезбеди континуирано подобрување?
12. Каква е улогата на Одборот за акредитација во целокупниот процес за подигување на квалитетот во високото образование?
13. Како одлуките и активностите на Одборот за акредитација и Одборот за евалуација влијаат во подобрувањето на квалитетот во високото образование?
14. Дали постојат конкретни критериуми или стандарди поставени од Одборот за акредитација кои институции мора да ги исполнуваат?
15. Кои конкретни улоги ги има академскиот кадар во процесите на обезбедување на квалитет и евалуација?
16. Дали самоевалуација на високообразовните институции, на единиците на универзитетот, односно на самостојните високи стручни школи влијае во подобрувањето на квалитетот на високото образование?

## 4. Анализа и дискусија

### *4.1. Стандарди и упатства за обезбедување квалитет во високото образование*

Стандардите за обезбедување квалитет се поделени во три дела: внатрешно обезбедување квалитет, надворешно обезбедување квалитет и агенции за обезбедување квалитет.

*Внатрешно обезбедување на квалитет*. Високообразовните институциите треба да имаат политика за: обезбедување квалитет, изработка и одобрување на програми, учење и поучување насочено кон студентот, прием на студенти, напредување, признавање и сертификати, наставен кадар по стандард, ресурси за учење и поддршка на студенти, управување со информации, информирање на јавноста, тековно набљудување и периодична проверка на програмите и циклично надворешно обезбедување квалитет.

*Надворешно обезбедување квалитет*. Надворешното обезбедување квалитет треба да се однесува на ефикасноста на внатрешните процеси за обезбедување квалитет опишани во европските стандарди и упатства.

Процесите за надворешно обезбедување квалитет треба да бидат сигурни, корисни, однапред дефинирани, доследно да се имплементираат и да се објавуваат. Тие вклучуваат:

- самоевалуација или слична постапка;
- надворешна евалуација, вклучително и посета на институцијата;
- извештај кој произлегува од надворешната евалуација;
- постојано набљудување.

Надворешното обезбедување квалитет кое се спроведува професионално, доследно и транспарентно е ефективно и се прифаќа од сите. Писмената документација вообичаено се надополнува со интервјуа со заинтересираните страни за време на посетата на институцијата.

Надворешното обезбедување квалитет не завршува со извештајот на експертите. Извештајот дава јасни упатства за институционалното дејствување.

Надворешното обезбедување квалитет треба да се врши од групи надворешни експерти кои вклучуваат и студент(и).

Вклучувањето на меѓународни експерти во надворешното обезбедување квалитет, на пример како членови на партнерски комисии, е пожелно бидејќи внесува дополнителна димензија во развојот и примената на процесите.

Целосните извештаи на експертите треба да бидат објавени, јасни и достапни за академската заедница, надворешните партнери и другите заинтересирани поединци. Во случај кога агенцијата презема некое дејство по службена должност, врз основа на извештаите, таквата одлука треба да биде објавена заедно со извештајот.

Процесите за приговори и жалби треба да бидат јасно дефинирани уште при изработката на процесите за надворешно обезбедување квалитет и да се споделат со институциите. Со цел да се заштитат правата на институциите и да се обезбеди правично одлучување, надворешното обезбедување квалитет се спроведува отворено и одговорно. Сепак, може да има погрешни толкувања или случаи на незадоволство во врска со процесот или донесените решенија. Институциите треба да имаат пристап до процесите што им овозможува да се пожалат до агенцијата. Таквите поплаки агенциите треба да ги обработат на професионален начин, преку јасно дефиниран процес кој доследно се применува.

*Агенциите за обезбедување квалитет.* Агенциите треба редовно да преземаат надворешни активности за обезбедување квалитет. Тие треба да имаат јасни стратешки и конкретни цели кои се дел од нивната јавно објавена мисија.

За да му се даде значење на надворешното обезбедување квалитет, важно е институциите и јавноста да им веруваат на агенциите.

Затоа, стратешките и конкретните цели на активностите за обезбедување квалитет се опишуваат и се објавуваат заедно со начинот на интеракција помеѓу агенциите и засегнатите страни во високото образование, особено високообразовните институции, и со обемот на работата на агенциите. Експертизата во агенцијата може да се зајакне со вклучување на меѓународни членови во комисиите на агенцијата.

За остварување на различни цели, агенциите спроведуваат најразлични надворешни активности за обезбедување квалитет. Тука спаѓаат: евалуација, преглед, проверка, процена, акредитација или други слични активности на програмско или институционално ниво, кои може да се спроведат на различни начини.

Агенциите треба да имаат правна основа и да бидат официјално признаени како агенции за обезбедување квалитет од надлежните јавни органи. Особено кога надворешното обезбедување квалитет се врши за регулаторни цели, институциите

треба да бидат сигурни дека резултатите од овој процес ќе бидат прифатени во рамките на високообразовниот систем од државата, засегнатите страни и јавноста.

Агенциите треба да бидат независни и да дејствуваат автономно. Тие треба да имаат целосна одговорност за своето работење и за остварените резултати, без влијание од трети лица.

Агенциите треба редовно да објавуваат извештаи кои ги опишуваат и анализираат општите наоди од активностите преземени во врска со надворешното обезбедување квалитет. Во текот на својата работа, агенциите добиваат информации за програми и институции кои може да бидат корисни за еден процес и кои обезбедуваат материјал за структурирани анализи низ системот на високото образование.

За да може успешно да ја извршуваат својата работа, агенциите треба да имаат соодветни човечки и финансиски ресурси. Со оглед на значајното влијание на високото образование врз развојот на општеството и поединците, од јавен интерес е агенциите да бидат соодветно финансирани.

Во агенциите треба да се спроведува надворешна проверка најмалку еднаш на пет години, со цел да се обезбеди усогласеност со стандардите. Периодичната надворешна проверка ѝ помага на агенцијата да направи преглед на своите политики и активности.

### *4.2. Обезбедување, оценување, развој и унапредување на квалитетот на високото образование во Република Северна Македонија*

Системот на обезбедување, оценување, развој и унапредување на квалитетот на високото образование опфаќа:

− одобрување, потврдување и признавање на високообразовната установа и на студиските програми, за вршење високообразовна дејност што се остварува преку системот за акредитација;

− процена на: квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, управувањето, финансирањето, академските и други активности и нејзините приоритети, што се остварува преку системот за евалуација;

− други активности и механизми преку кои се развива и одржува квалитетот на високото образование утврдени со закон и актите на Националниот совет за високото образование и научноистражувачката дејност.

Системот за обезбедување, оценување, развој и унапредување на високото образование се остварува преку Националниот совет за високото образование и научноистражувачката дејност и Агенцијата за квалитет во високото образование. При изборот на членовите на Националниот совет за високото образование, Одборот за акредитација на високото образование и Одборот за евалуација на високото образование се применува принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, со почитување на критериумите стручност и компетентност.

Многу голема улога во процесот на обезбедување, оценување, развој и унапредување на квалитетот на високото образование во Република Северна Македонија, има Интеруниверзитетската конференција.




Сл.1: Приказ на поврзаноста високобразовните установи со институциите и телата што се одговорни за обезбедувуње на квалитет во високото образование

### *4.2.1. Интеруниверзитетска конференција*

Интеруниверзитетската конференција е тело составено од ректорите на универзитетите, претседателите на студентските собранија на универзитетите, 20 члена од редот на редовните професори избрани од сенатите на универзитетите со тајно гласање, процентуално застапени според нивното учество во вкупниот број редовни студенти првпат запишани во студиска година и еден член избран од редот на директорите на самостојните високи стручни школи.

### *4.2.2. Национален совет за високото образование и научноистражувачката дејност*

Националниот совет е самостоен во својата работа и одлучува на седници, во рамките на својата надлежност, врз основа на принципите стручност и компетентност.

Во согласност со надлежностите доделени со Законот за високото образование, Националниот совет ги следи развојот на високото образование и научноистражувачката дејност и нивната усогласеност со европските и меѓународните стандарди за што еднаш годишно поднесува извештај до Собранието и Владата на Република Северна Македонија со предлог-мерки, решенија и препораки за подобрување на високообразовната и научноистражувачката дејност.

### *4.2.3. Агенција за квалитет на високото образование*

Агенцијата за квалитет во високото образование (во натамошниот текст АКВО) е самостоен стручен орган. Органи на АКВО се: Одборот за акредитација на високото образование, Одборот за евалуација на високото образование, конституирани на 11.3.2020 г., и директорот на Агенцијата за квалитет на високото образование.

Мисијата на АКВО е остварување на системот за обезбедување, оценување, развој и унапредување на високото образование во Република Северна Македонија, како и одржување на стандардите за квалитет, промовирање и подобрување на квалитетот на високообразовните установи и нивните студиски програми, во согласност со прифатените стандарди и постапки на водичот, кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување квалитет во високото образование.

АКВО е придружна членка во Европското здружение за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA).

Одборот за акредитација на високото образование е колективно тело кое: ги утврдува условите за вршење високообразовна дејност и капацитетот за студирање на високообразовната установа, донесува решение за акредитација на проект, за основање самостојна, приватна или приватно-јавна високообразовна установа и нивните единици, одлучува за акредитација на научна установа за вршење високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус на студии, утврдува исполнетост на условите за организирање студии за нови студиски програми на високообразовната установа, одлучува за акредитација на ментори на докторски студии и врши други работи, утврдени со Законот за високото образование.

Одборот за евалуација на високото образование е колективно стручно тело кое ја следи дејноста на високообразовните установи на кои им се дадени акредитација и решение за почеток со работа и го следи и оценува квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, научноистражувачката, уметничката и стручната работа на академскиот кадар на високообразовните установи, а посебно на нивните студиски програми, во согласност со прифатените стандарди и постапки на водичот кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување квалитет во високото образование.

Евалуацијата на високообразовните установи се врши преку:

1. самоевалуација и
2. надворешна евалуација.

Самоевалуација на универзитет, на единиците на универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа врши комисија за самоевалуација на универзитетот, односно на единицата на универзитетот или комисија за самоевалуација на самостојната висока стручна школа, на начин и според услови определени со статутот на универзитетот или статутот на самостојната висока стручна школа.

Членовите на комисиите се избираат со тајно гласање од сенатот на универзитетот, односно од наставно-научниот совет, наставниот совет или научниот совет на единицата на универзитетот или од наставничкиот совет на самостојната висока стручна школа, од редот на наставниците со мандат од четири години и од претставниците на студентите за време од една година.

Самоевалуацијата се врши според Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација што го донесува Националниот совет.

Самоевалуацијата се спроведува на интервали од најмногу три години.

Составен дел на самоевалуацијата е анкета на студентите за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар, која се спроведува во втората половина од семестарот, односно учебната година, за секој предмет одделно, зависно дали се работи за едносеместрален или двосеместрален предмет.

Резултатите од самоевалуацијата се објавуваат на веб-страницата на универзитетот и на веб-страницата на секоја единица на универзитетот одделно (факултет, висока стручна школа или научен институт).

Надворешната евалуација ја вршат стручни комисии избрани од Одборот за евалуација на високото образование.

Најмалку две третини од стручната комисија ја сочинуваат професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (European Association for Quality Assurance in Higher Education − ENQA). Стандардите и постапката според кои се врши надворешната евалуација се уредуваат со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, кој мора да биде усогласен со прифатените стандарди и постапки на водичот, односно насоките кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA).

Правилникот го донесува Националниот совет за високо образование, на предлог на Одборот за евалуација, а со согласност на министерот надлежен за високото образование.

Надворешна евалуација на високообразовната установа се врши:

1. според годишниот план за работа на Одборот за евалуација или
2. по поднесено на барање од:
   - Националниот совет за високото образование или
   - високообразовната установа или
   - министерот надлежен за високото образование.

Извештаите од извршената надворешна евалуација се јавни и се објавуваат на веб-страницата на Агенцијата за квалитет.

#### *4.2.4. Болоњскиот процес*

Европскиот високообразовен простор овозможи нов вид обединување кое ќе биде генератор на човечки капитал. Високото образование треба да создава квалитетно знаење конкурентно на пазарот на труд. Во однос на важноста и значењето на високото образование, несомнено може да констатираме дека квалитетното и усогласеното високото образование со европските стандарди на квалитет ги зголемува шансите да се успее, да се биде дел од европскиот простор на високо образовние и конкурентен, во однос на побарувањата на глобалната економија.

Образованието е незаменлив фактор за општествен и економски развој и просперитет. Степенот на образование создава свест за заедничка вредност и припадност на заеднички општествен и културен простор, а воедно и влијае врз создавање способности за соочување со предизвиците на новиот милениум. Од примарната цел на образованието произлегуваат иницијативи кои имаат за цел создавање кадар што, пак, од своја страна, сè повеќе влијае врз создавање човечки капитал. Првенствено тоа се однесува на поттикнување кон усвојување и унапредување на стандардите, критериумите и транспарентноста во работата и поврзаноста на пазарот на труд со високото образование и знаењето.

Подигнувањето на интелектуалното ниво на популацијата е еден од клучните услови кој влијае на процесите на интеграција и можностите за зголемување на

добросостојбата. Карактеристика на современиот начин на живот се промените, напредокот на науката и технологијата. Брзото темпо на живеење сè повеќе ја наметнува потребата од брзо приспособување кон промените, што, во најголема мера, зависи од квалитетот на образовниот процес во целина и посебно на високото образование – претставен пред сè преку знаењето на човекот. Врз основа на досегашните искуства за примената на Болоњскиот процес може да се каже дека процесот е целосно применет во нашата држава, а исто така се воспоставени и начелата од европските стандарди за квалитет (ESG) во високото образоание, но сè уште постојат нејаснотии, недоречености, предизвици па дури и проблеми. Една од основните цели на оваа декларација е поставувањето квалитет. Но ова воедно и најпроблематично прашање и најтешко за спроведување, се состои од низа постапки и заемно дејствување на разни иституции кои треба заеднио да дејствуваат за целосно да се воспостави квалитетен високообразовен процес. Нормално, правно гледано законската рамка, во однос на формирањето на телата за управување со високото образование, е целосно усогласена со европските стандарди, но се воочуваат големи проблеми во нејзината примена, а особено во процесот на евалуација, поточно во делот на надворешната евалуација на високообразовни институции, што е клучен дел во процесот на обезбедување на квалитетот.

Со формирањето на Агенцијата за обезбедување на квалитет, надлежноста над надворешните активности за обезбедување квалитет пренесени од Министерството на АКВО, и претходниот Одбор за акредитација и евалуација на високото образование се трансформира во две нови тела, одговорни за две различни надворешни активности за обезбедување квалитет: евалуација и акредитација. Во моментов, постојат два вида надворешни активности за обезбедување квалитет: евалуација на институциите и акредитација на студиските програми, односно два одбори на Агенцијата. Одборот за евалуација е надлежен орган за периодичниот институционален преглед, а Одборот за акредитација е надлежен орган за евалуација на програмите. Евалуацијата се однесува на постапката на евалуација на квалитетот на високообразовните институции, вработените и студиските програми, во согласност со ЕСГ, спроведена од Одборот за евалуација на високото образование. Акредитацијата на програмата се однесува на постапката за усвојување на студиските програми спроведена од Одборот за акредитација на високото образование. Покрај тоа, постои постапка за основање институција (институционална акредитација) која е во надлежност на Министерството. Од досегашното функционирање на овие две регулаторни тела, се воочува дека не постои урамнотеженост во нивното работење. Од една страна, Одборот за акредитација работи со полн капацитет и досега од неговото основање се акредитирани и повторно акредитирани приближно 1 500 студсики програми и ментори за трет циклус, но од друга страна, Одборот за евалуација се соочува со многу тешкотии и предизвици и од неговото основање не е реализирана ниту една надворешна евалуација.

Исто така, од 2015 година досега, не е реализирано ниту рангирање на вискообразовните институции, т. е. по стапување на сила на новиот Закон за високото образование, не е направено ниту едно рангирање на универзитети што е многу важно во процесот на споредување и на воспоставување квалитет во високото образование.

Општо, може да се заклучи дека образовните политики и регулаторните тела формирани со Законот за високото образование од 2018 имаат значително влијание на процесите на воспоставување, управување и подобрување на квалитетот на високото образование во Република Северна Македонија. Сега, веќе шест години од

донесувањето на овој Закон се јавуваа потреба од интервенции со цел да се подобри кохезијата помеѓу институциите, да се зголемат човечките ресурси и да се зајакнат капацитетите на Агенцијата за квалитет на високото образование, т. е. на Одборот за акредитација и евалуација.

Промените во високото образование во нашата држава, со воведувањето на Болоњскиот процес, осетно ја зголемија ефикасноста на студиите и се направи сериозен напор во признавање на дипломите кои се стекнати на универзитетите во Република Северна Македонија на европско ниво и на пазарот на труд. Системот на образование кој се реализира според Болоњските принципи, низ трите степени на образование и заедничкиот систем на кредити (ЕКТС) ја овозможи препознатливоста на националните степени на образование на европскиот систем на високо образование. Со реформата, се воспостави ефикасно и ефектно образование, кое ќе ги следи потребите на општеството, поконкретно потребите на пазарот на работна сила, со што се обезбедува вработување и конкуренција и со што постојано се зајакнува квалитетот на образованието. Исто така, со тоа, се гарантира конкурентноста во општеството, се насочува патот кон општеството на знаење и се зајакнува човечкиот капитал, кој е гаранција за стабилна заедница. Од своја страна, тоа претпоставува зајакнување на социјалната димензија во високото образование која, во услови на масовно студирање, се наметнува како една од важните компоненти за системот да биде ефикасен и успешен. Ова е една од причините поради кои се потребни постојано усовршување на системот и следење на квалитетот, како непрекинат процес низ кој треба да се обезбедат високи стандарди.

Со Болоњскиот процес, се создадоа услови за соработка на универзитетите ширум Европа, врз основа на принципите за соработка во сферата на високото образование со цел да се поттикне соработката и иновативноста и да се создадат нови ресурси, со почитување на принципите на автономијата и националниот суверенитет.

Воведувањето на кредитен систем (систем на кредити), како што е ЕКТС – европски кредит трансфер систем или европски систем за пренос на кредити (англиски: ECTS − European Credit Transfer and Accumulation System) и унапредувањето на мобилноста со надминување на пречките за слободно движење, на студентите им даде можност за учење, им овозможи пристап до студиите и важните служби, а на наставниците, истражувачите и административниот персонал им се призна и вреднува времето што го поминале во Европа истражувајќи, предавајќи или учејќи. Во исто време, се унапреди европската соработка во осигурувањето квалитет со цел развивање споредливи критериуми и методологии, а се унапредува и потребната европска димензија во високото образование, посебно во развојот на наставните програми, меѓуинституционалната соработка, шемите на мобилност и интегрираните програми за студирање, обука и истражување.

За да биде спроведлива мобилноста, неопходно е престојот на друг универзитет, во друга земја, да е мерлив и споредлив и по обем и по квалитет со европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) и да нуди јасно разработена процедура за документирање на сработеното на партнерскиот универзитет и негово препознавање на матичниот универзитет. За да биде оваа постапка максимално унифицирана и транспарентна, уште во 2004 година, на официјалната страница со Болоњската декларација (*Bologna Declaration*, 1999) е објавен документ кој носи наслов Упатство за користење ЕКТС.

Од квалитативната анализа, како и врз основа на анализата на разните документи за усогласување на нашиот систем со документите кои се донесесени од европските минсистри за образование и други организации се воочува следното: *Прво*, воведувањето

на европски систем на трансфер/преносливи кредити (ЕКТС) за секој предмет да има определен број кредити овозможува на полесен начин се признаваат положените предмети, а со тоа се унапредува мобилноста на студентите од една во друга земја и на други универзитети. *Второ,* се воведе трицикличен систем на студии (додипломски студии во траење од три години или 4 години, постдипломски студии со траење од една или две години и докторски студии со траење од три години. *Трето,* се воведе додатна диплома која ги содржи сите потребни информации за остварувањето и структурата на наставните програми и сите други додатни ангажмани на студентите. *Четврто,* се зголемува мобилноста не само на студентите туку и на наставниот кадар. *Петто,* се зголемува ефикасноста на студирањето, преку поделбата на обемните предмети на едносеместрални и димензионирањето на содржините, според потребите на времето да се совлада материјалот и да се оптимализира оптоварувањето на студентите. *Шесто,* се спроведува постојана контрола на квалитетот што подразбира интерна и екстерна евалуација на високошколските институции и учество на студентите во неа. *Седмо,* постојано се дополнуваат и актуализираат наставните предмети, во согласност со потребите на општеството. *Осмо,* се употребуваат современи средства во наставата, се применува менторска настава и се изведуваат семинарски работи и истражувачка работа со студентите. *Деветто,* се зголемува нивото на учество на студентите во сопственото образование и учество на студентите во евалуација на работата на факултетот и наставничкиот кадар. *Десетто,*се дефинираат целите на студирањето и развојот на компетенции на студентите, во согласност со потребите на општеството. *Единаесетто,* се отвори високото образование за сите кои сакаат да студираат, за сите заинтересирани.

### *4.2.5. Улогата на телата за обезбедување квалитет*

*Интеруниверзитетската конференција* е највисок компетентен орган за креирање на високообразовни политики и поттикнување на законски промени. Исто така, со предлагање на членовите во телата кои според Законот за високото образување управуваат и го контролираат квалитетот на високото образование, ова тело директно влијае врз квалитетот на високото образование во Република Северна Македонија.

Интеруниверзитетската конференција:

1. предлага до Собранието на Република Македонија шест члена на Националниот совет, по претходно спроведена постапка за избор по пат на јавен повик,
2. избира шест членови на Одборот за акредитација од редот на професорите, соодветно на застапеноста на универзитетите според нивното учество во вкупниот број првпат запишани студенти во студиска година, по претходно спроведена постапка за избор по пат на јавен повик,
3. избира шест членови на Одборот за евалуација од редот на професорите, соодветно на застапеноста на универзитетите според нивното учество во вкупниот број првпат запишани студенти во студиска година, по претходно спроведена постапка за избор по пат на јавен повик.

*Националниот совет за високо образование и на научноистражувачка дејност,* како самостоен орган, во согласност со Законот за високото образование, има надлежности да ги следи развојот на високото образование и научноистражувачката дејност и нивната усогласеност со европските и меѓународните стандарди.

Појдовни поставки за обезбедување и одржување на квалитетот во високото образование и научноистажувачка дејност, според кои се раководи Националниот совет, при изработката на докуметите се:

1. Групата Е5 (ENQA, EQAR, ESU, EUA, EURASHE).
   - *Европската асоцијација за квалитет во високото образование (ENQA).*
   - *Европскиот регистар за обезбедување квалитет во високото образование (EQAR).*
   - *Европската унија на студентите (ESU).*
   - *Европската асоцијација на универзитетите (EUA).*
   - *Европската асоцијација на институциите во високото образование (EURASHE),* (*Стратегија за образование на Република Северна Македонија 2018 – 2025,* 2018).

Од извештаите на Советот и од приложените документи, како и од анализата на нивното работење, се увидува дека се подготвени документи, решенија и препораки за подобрување на квалитетот на високообразовната и научноистражувачката дејност, и тоа:

- Четиригодишна програма за работа.
- Деловник за работа.
- Правилник за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност.
- Правилник за содржината на студиските програми.
- Уредба за мерила и критериуми за поттикнување талентирани студенти и за стипендирање на студенти кои постигнуваат натпросечни резултати во студиите (доставена за усвојување до Владата на Република Северна Македонија.
- Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми (на предлог на Одборот за акредитација).
- Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (на предлог на Одборот за евалуација на високото образование).
- Уредба со која се уредува правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање (донесена од Владата на Република Северна Македонија).
- Правилник со кој се утврдуваат стручните и научните називи.
- Правилник за содржината и формата на извештајот за работата на ректорот.
- Електронски бази на списанија и области во кои преводите на капитални дела ќе се сметаат за референтни научни публикации.
- Листа на релевантни домашни и меѓународни настани на кои уметничките изведби се земаат предвид при акредитација на менторите.
- Предлог-уредба за утврдување на научноистражувачките полиња од трето ниво (области), како дополнување на двете нивоа на Меѓународната фраскатиева класификација (доставена за усвојување до Владата на Република Северна Македонија).
- Правилник за нормативите и стандардите за основање на научни институти и за вршење научноистражувачка дејност.

- Бази на трудови до кои надлежните тела за работите од високото образование ќе им обезбедат пристап на наставниците и соработниците избрани на јавните универзитети.
- Предлог-националната програма за високото образование и Предлог-националната програма за научноистражувачка дејност (во фаза на подготовка, со согласност на министерот ќе бидат предложени за усвојување до Собранието на Република Северна Македонија).
- Предлог-уредбата за мерила и критериуми за финансирање на високообразовната дејност и Предлог-уредбата за мерила и критериуми за финансирање на научноистражувачката дејност (во фаза на подготовка, ќе бидат предложени за усвојување до Владата на Република Северна Македонија).
- Матична комисија за основање на самостојна високообразовна установа.
- Приоритетни области и програми за научно истражување и технолошки развој (предлози до Владата на Република Северна Македонија).
- Предлози и мислења за иницијативи во врска со програмите и проектите за меѓународна соработка.
- Предлага разрешување на член на Националниот совет кој подолго од шест месеци не ги извршува надлежностите утврдени со закон и со другите пропис до Собранието на Република Северна Македонија.
- Извршува други работи во согласност со законот.

*Одбор за акредитација.* Одборот за акредитација е тело во состав на Агенцијата за квалитет на високото образование конституирано на 11.3.2020 година.

Од квалитативната анализа на документација која ја уредува дејноста на работење Одборот за акредитација на високото образование, се гледа дека таа е колективно тело кое: ги утврдува условите за вршење на високообразовна дејност и капацитетот за студирање на високообразовната установа, донесува решение за акредитација на проект, за основање на самостојна приватна или приватно-јавна високообразовна установа и нивните единици, одлучува за акредитација на научна установа за вршење високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус на студии, утврдува исполнетост на условите за организирање студии за нови студиски програми на високообразовната установа, одлучува за акредитација на ментори на докторски студии и врши други работи утврдени со Законот за високото образование.

Од 2020 година, заклучно со октомври 2023 година, од Одборот за акредитација на високото образование акредитирани се вкупно 1 404 студиски програми, од сите циклуси на студии (од кои 545 од прв циклус, 18 од прв и втор циклус интегрирани, 711 од втор циклус и 130 од трет циклус на студии). За сите наведени студиски програми од прв, втор и прв и втор интегрирани студиски програми, од Агенција за квалитет во високото образование, се издадени 2 074 решенија за почеток со работа.

Решение за почеток со работа на трет циклус на докторски студиски програми се издаваат од Владата на Република Северна Македонија, преку Министерството за образование и наука, со претходно издадено решение за акредитација од Одброт за акредитација на високото образование.

*Евалуација, самоевалуација и надворешна евалуација.* Високото образование во Република Северна Македонија многу малку е подведено на процесот на надворешна евалуација, особено кога се доведува тоа во врска со европските институции за евалуација, поконкретно, колку се применуваат европските стандарди и упатства за евалуација својствени за европскиот простор на високо образование. Во тој контекст, се

говори и за *култура за квалитет,* која се стреми кон постојано подобрување на квалитетот, што е, можеби, една од најслабите страни кога се говори за високото образование во нашата држава. Општото мнение е дека малку се работи на тоа, на пример, што е квалитетна настава, што се подразбира под квалитет во една ситуација на конкретизирана оценка на квалитетот, што се случува со мерење на квалитетот на наставата и истражувањата, но и на тоа дали она што се поставило на почетокот како цел на реализацијата на програмите било ефективно реализирано. Оценката на квалитетот значи и негово постојано подобрување, односно некој однадвор, кој ги поседува потребната компетенција и знаење, постојано врши проверка на квалитетот и укажува на недоследностите. Евалуацијата е еден вид „оцена на слабите и јаките страни на процесот". Институцијата е постојано надгледувана како работи и како ги реализира поставените цели. За солидна институција говориме кога таа дозволува и обезбедува да биде евалуирана и *одвнатре и однадвор* и кога е направена таа евалуација по највисоки стандарди, во таа мера се создаваат реални можности да го доградува системот на учење. Самодоволноста и некритичноста, затвореноста и избегнување на примена на стандарди кои се сметаат за највисоки во оцената на нејзината работа, значи неподготвеност од соочување за состојбата во која се наоѓа. Прашањето за тоа колку студентите се важни во креирањето на системот на учење, без разлика од кој агол ги набљудуваме, во напорот да се постигне повисок степен на квалитет има многу поголемо значење, под претпоставка студентот да се стави во центарот на процесот на учење. Во суштина, студентот е во центарот, без разлика како другите субјекти реално го третираат.

**5. Заклучок**

Од квалитативната анализа на постојната документација може да се констатира дека самоевалуацијата е процес кој непречено и транспарентно се спроведуваа од високообразовните институции во државата. Секој факултет овој процес го спроведува во согласнот со европските стандарди на квалитет како и со сите законски прописи во земјата и нивните извштаи редовно се објавуваат на веб-страниците на факутетите и универзитетите.

Што се однесува на надворешната евалуација, се воочуа дека има застој во реализација на годишните програми за спроведување на овој процес. Одборот за евалуација има изготвено правилник за евалуација на високообразовние институции, кој во согласност со Националниот совет е усогласен со сите европски стандарди и препораки и е во корелација со правилници на развиени европски држави. Од големо значење е отпочнувањето на со неговата примена за да увидат оправданоста и начинот на спроведување на студистики програми на високообразоните установи.

Од истражувањето произлегуваат следниве преопраки:

- Креирање политика за високо образование и зголемување на соработката и вклученоста на сите засегнати страни во креирањето на политиките, стратегиите, како и на програмите за високо образование.
- Да се зголемат фондовите и буџетот за високо образование, да се обезбеди доволен и квалитетен администравитен кадар за функционалност на регулаторните тела за квалитет, во насока на поставување на високото образование на нивото кое е предвидено со европските стандарди.

- Кохерентност во работата на телата за управување на квалитет и усогласување на сите подзаконски акти.
- Подобрување на квалитетот на студии, како и зголемување на мобилноста на студентите.

**Користена литература**

*Агенција за квалитет на високото образование*, достапно на https://www.akvo.mk/.

*Agenda for sustainable development and quality education, Council of Europe's vision of quality education for all*. Преземено на 1 ноември, 2023, од https://www.coe.int/en/web/education/agenda-for-sustainable-development-and-quality-education.

*Алтернативни пристапи за иновативно поучување и учење,* (2023). Преземено на 13 декември, 2023, од https://school-education.ec.europa.eu/mk/insights/practices/alternative-approaches-innovative-teaching-and-learning.

Ацевски, И. (2016). *Универзитетот на распаќе*. Скопје: Филозофски факултет.

*Berlin Communiqué* (2003). Преземено на 23 ноември, 2023, од https://accreditation.org/accreditation-processes/accords/berlin-communique-2003.

Blake, A., Sluss, D., & Harrison, S. (2007). Socialization in Organizational Contexts. *International Review of Industrial and Organizational Psychology, 22*, 1−70.

*Bologna Declaration* (1999). Преземено на 21 ноември, 2023, од https://accreditation.org/accreditation-processes/accords/bologna-declaration-1999.

Bryman, A., & Burgess, B. (1994). *Analyzing Qualitative Data*, 1 ed. London: Routledge.

Bryman, A. (2015). *Social Research Methods.* London: Oxford University Press.

*European Commission/EACEA/Eurydice*, (2020). The European Higher Education Area in 2020: Bologna Process Implementation Report.

EU Twinning Project *Further support to the implementation of the National Qualifications Framework*, funded by the EU MK IPA 17 SO 01 21.

*European Higher Education Area (Bologna Process)*, (2010). EURIreland, Erasmus+, Преземено на 21 номеври, 2023, од http://www.bologna.ie.

*The European Higher Education Area − Achieving the Goals*, (2005). Communiqué of the Conference of European Ministers Responsible for Higher Education, Bergen.

Георгиевски, П. (1994). *Социологија на образованието*. Скопје: Филозофски факултет.

Home. OECD iLibrary, available on: oecd-ilibrary.org.

Jones, M., & McBeth, K. M. (2010). A Narrative Policy Framework: Clear Enough to Be Wrong? *Policy Studies Journal, 38*(2), 329−353.

*Класификација на научноистражувачките подрачја и полиња, „*Службен весник на Република Македонија", бр. 103/2010, стр. 49. https://aa.mk/content/pdf/Drugi%20dokumenti/Klasifikacija%20na%20naucnoistrazuvacki%20podracja.pdf

*Комуникација на Европската комисија: Отворање на образованието: Иновативно поучување и учење за сите преку нови технологија и отворени образовни ресурси, ЦОМ* (2013), 654, http://ec.europa.eu/education/news/doc/openingcom_en.pd.

Kulić, R. (2008). Globalizacija i Bolonjski process. *Pedagogija, LXIII,* br. 4.

*Learning and Teaching at UNSW, Strategy from 2015-2025*. Преземено на 20 декември, 2023, од https://www.teaching.unsw.edu.au/about.

*Македонска рамка на квалификации* – појдовни основи. (2013). Преземено на 24 декември, 2023, од http://mrk.mk/wp-content/uploads/2017/02/NRK_Nacionalni-perspektivi.pdf.

*Министерство за образование и наука*, достапно на: https://www.mon.gov.mk/.

Morse, M. J. (1991). Evaluating Qualitative Research. *Qualitative Health Research, Sage Journals*, *1*(3).

*Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005 − 2015*, со придружни програмски документи, (2005). Скопје.

Patton, M. Q. (1990). *Qualitative evaluation and research methods*, (2nd ed.). Newbury Park, CA: Sage Publications.

*Препорака CM/Rec(2007)15 на Комитетот на министери до земјите членки за мерки кои се однесуваат на медумско покривање изборни кампањи*. Преземено на 20 декември, 2023, од: https://rm.coe.int/hf37-mkd-recommendation-media-coverage-campaigns/16809eedb6.

Qazimi, A., Pejchinovska-Stojkovikj, M. (2023). Digitalization of Higher Education in Republic of North Macedonia. *Teacher*, 25, страници, DOI: 10.20544/teacher.25.03: 21−38.

Qazimi, A., Murtezani, J., Pejchinovska-Stojkovikj, M. (2023). Steps Toward the Quality and Quality Assurance in Higher Education in Western Balkans and the Republic of North Macedonia. *Horizons - International Scientific Journal, 1*(1), DOI: 10.20544/HORIZONS.1.1.23.P21.

*Quality Enhancement Committee, Texas A and M University*, USA, Преземено на 20 декември, 2023, from, https://www.tamuc.edu/qep/.

*Recommendation CM/Rec (2012)13 of the Committee of Ministers to member States on ensuring quality education, Adopted by the Committee of Ministers on 12 December 2012 the 1158th meeting of the Ministers' Deputies*, (2012). Council of Europe, Committee of Ministers, Преземено на 1 номеври, 2023, од https://www.ecml.at/Portals/1/documents/CoE-documents/CMRec2012-13_quality_EN.pdf?ver=2016-11-29-113145-700.

*Revised Code of Good Practice in the Provision of Transnational Education*, (2007). Преземено на 14 декември, 2023, од https://www.enic-naric.net/fileusers/REVISED_CODE_OF_GOOD_PRACTICE_TNE.pdf.

Sandelowski, M. (1995). Sample size in qualitative research. *Research in Nursing & Health, 18*(2), 179−183.

Shaheen, M., Pradhan, S., & Ranajee. R. (2019). Sampling in Qualitative Research. In book: *Qualitative Techniques for Workplace Data Analysis*, 25−51, DOI:10.4018/978-1-5225-5366-3.ch002.

33. Shohib, W. M. (2018). Higher Education ranking and quality assurance: issues and critical assessment (general problem). *Ta`dibuna: Jurnal Pendidikan Agama Islam*, *1*(1), DOI:10.30659/jpai.1.1.11-28.

*Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area (ESG)*. (2015). Brussels, Belgium, Преземено на 13 декември, 2023, од https://mon.gov.mk/stored/document/ESG_MK.pdf.

*Стратегија за развој на образованието 2018 − 2025 година и Акциски план*, (2018). Министерство за образование и наука на Република Македонија.

Szirmai, A. (2008). Explaining Success and Failure in Development. United Nations University, Maastricht, Преземено на 23 ноември, 2023, од

https://www.researchgate.net/publication/4778607_Explaining_Success_and_Failure_in_Development.

Waganaar R., Gonzales Ferreras, J. M. (2008). Tuning Educational Structures in Europe. *Publicaciones de la Universidad de Deusto*, ISBN: 978-84-9830-132-8, https://www.researchgate.net/publication/263927476_Tuning_Educational_Structures_in_Europe_Universities'_Contribution_to_the_Bologna_Process_An_Introduction.

*Закон за Националната рамка на квалификации*, Службен весник на Република Македонија", бр. 137/2013 и 30/2016.

*Закон за високо образование*, „Службен весник на Република Македонија", бр. 82/8.5.2018.